СУДСКО
МЕДИУМСКИ
СОВЕТ

ПЛАН ЗА РАБОТА

НА СУДСКО-МЕДИУМСКИОТ СОВЕТ

2023-2025

Во согласност со Стратегијата за работа на Судско-медиумскиот совет усвоена во 2021 година, за периодот 2021-2023 година, а во насока на долгорочно зголемување на довербата на граѓаните во судството, за што влијание имаат нивото на транспарентност на институциите и отвореноста за комуникација со медиумите, членовите усвоија План за работа на Советот.

Планот за работа се однесува за периодот од 2023 до 2025 година, и се фокусира на постулатите од усвоената Стратегија за работа на СМС.

Во изминатите две години, поради кризата со коронавирусот, но и поради субјективни причини, СМС беше недоволно активен и голем дел од иницијативите и активностите останаа само на ниво на идеја, и не беа реализирани.

Затоа, во следните две години, 2023-2025, СМС водејќи се од базичните начела на неговото основање, би требало да се заложи за поголема видливост преку спроведување на повеќе активности. Целта е ова советодавно тело да стане препознатливо и за новинарите и за судиите.

Планот предвидува проактивност од сите членови за негово целосно спроведување.

Овој документ е направен во рамки проект финансиски поддржан од Бирото за меѓународни наркотици и спроведување на законот и Амбасадата на САД во Северна Македонија

Усвојување кризен комуникациски план

Судско-медиумскиот совет во соработка со судии и претседатели на судови, ќе изработи и усвои сеопфатен план за кризна комуникација. При изработка на планот, ќе се земат предвид сите аспекти на улогата на судовите, особено во администрирање случаи од висок профил. Планот за комуникација и јавно информирање СМС ќе го користи проактивно за да се ублажат потенцијалните негативни реакции од јавноста, кои често се засноваат на дезинформации, делумни информации и/или субјективни медиумски толкувања и шпекулации. Поседувањето кризен комуникациски план, ќе придонесе во предвидувањето на потенцијалните напади кои доаѓаат на пример, од другите власти, пристрасните медиуми и/или други страни и ќе постави конкретни активности за горливите прашања. Кризниот комуникациски план, исто така, би предвидел именување лице одговорно за вакви активности.

Проширување на мрежата за соработка со други институции од правосудството

Со оглед на тоа што СМС има склучено повеќе меморандуми за соработка со повеќе институции од областа на правосудството, пожелно е да се иницира склучување нови меморандуми за соработка, првенствено со Уставниот суд на РСМ и со Јавното обвинителство на РСМ. Целта е поголема транспарентност и овозможување поголема достапност на информации до јавноста.

Презентирање на активностите во Стратегијата за реформа во правосудството 2023-2027

Членови на Советот кои се и членови на работната група за донесување нова Стратегија за реформа во правосудството, ќе ја изнесат досегашната работа на советот и ќе ги информираат останатите членови на работната група за активностите на СМС, со цел Советот да биде препознаен како активен чинител во процесот на транспарентноста.

Поактивна соработка со Академијата за судии и јавни обвинители

Советот ќе работи на продлабочување на соработката со институциите со кои веќе има склучено меморандуми за соработка. Во таа смисла, Советот ќе склучи нов меморандум за соработка со Академијата за судии и јавни обвинители вклучување новинари во обуките на судиите и јавните обвинители во делот за јавност на судењата и транспарентност на судовите и обвинителствата. Обуките би се фокусирале на комуникациски вештини за јавен настап, неформална комуникација, пишување соопштенија за јавност и сл.

Поголема видливост за работата на СМС

Редовно ажурирање на веб-страницата на Советот со информации за тековни активности како и фан-страницата на Фејсбук. Објавата да биде во координација со останатите членови од редот на новинарите.

Новинарска школа за судии и правна школа за новинари

Советот ќе продолжи да работи на основата активност на телото, а тоа е организирање програма за комуникациски вештини за судии како и програма за обука на новинари во кривични и граѓански постапки со практични примери што би им користело на новинарите во нивната работа. На тој начин, двете професии би се запознале подобро, со цел полесна комуникација.

Изработка на новинарски водич со препораки за известување од судски постапки

Советот ќе работи на изработка на новинарски водич за известување од судски постапки, при што акцентот ќе биде ставен на професионално и етичко известување од судниците.

Ревизија на одредбите за транспарентност

Работна група при СМС ќе го разгледа Упатството за анонимизација на пресуди од 2011 година и да предложи измени во духот на потребите на медиумските куќи и новинарите се со цел добивање не само на повеќе, туку на поквалитетни информации.

Назначување лица за односи со јавност во судовите каде што нема



Членови на Советот ќе остварат средба со претставници на Судскиот совет за да се разгледа можноста судовите со проширена надлежност и апелационите судови да ангажираат лица за односи со јавноста. Доколку проблем за вакво ангажирање претставуваат финансиите со кои располага Судско-буџетскиот совет, да се направи обид преку ЗСРСМ да се иницира средба со министерот за финансии на РСМ.

Соработка со Факултетот за новинарство при Правниот факултет на УКИМ

Советот ќе иницира соработка со Факултетот за новинарство при правниот факултет Јустинијан Први при УКИМ со цел да им се презентира работата на студентите по новинарство, особено на оние кадри кои би биле заинтересирани да дознаат како е да се известува од судско рочиште, за обвинение и сл.

Соработка со Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

Советот ќе оствари средба со директорот на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел идна соработка.

12 Средба со претседатели на судови

Советот ќе соработува со претседателите на судови за идна соработка во делот на јавноста и транспарентноста на постапките, но и за можноста од овозможување подобри услови за известување за новинарите. Ова особено се однесува на унифицирање на постапките и процедурите за овозможување јавност и снимање на судењата.

13 Изработка на видео-содржини

Советот ќе разговара за позитивни примери од праксата на судовите кои би можеле да бидат емитувани како промотивни видеа.

14 Препораки за видео-снимање од судовите

Работна група од Советот ќе работи на изготвување препораки за техничко овозможување на видео снимање во судовите и да му ги доставаат на Советот на разгледување.

15 Соработка со други сродни организации

Советот ќе соработува со други меѓународни организации чија цел е делување во сферата на транспарентност на судовите и зајакнување на довербата меѓу судиите и новинарите.



СУДСКО МЕДИУМСКИ СОВЕТ

Бул. Крсте Мисирков бр.1 | 1000 Скопје | Северна Македонија.
e-mail: sudskomediumskisovet@gmail.com

www.sudskomediumski.mk